СООПШТЕНИЕ

*Ексклузивна презентација за љубителите на виното во Косово*

# Повторно откриени врвните македонски вина на „Тиквеш“

Приштина, 16.12.2016 – Винарската визба „Тиквеш“ организираше настан на кој ги презентираше своите вина пред истакнати претставници на бизнис заедницата и општествениот живот во Косово, како и пред постојни и потенцијални купувачи. Настанот се одржа вчера вечер, во Хотелот „Емералд“ во Приштина.

Винарската визба „Тиквеш“ е присутна на косовскиот пазар и долги години соработува со Агротрејд Косово, компанија која ги увезува и дистрибуира вината. Портфолиото на производи на „Тиквеш“ го сочинуваат преку 50 различни производи, достапни како во малопродажни, така и во угостителски објекти.

Високиот квалитет на вината на „Тиквеш“ е резултат на поволните климатски услови за производство на грозје и вино, но и на обемните вложувања во најсовремена опрема и технологија, подигнување на нови насади со грозје, развој на човечки ресурси, како и едукација на своите партнери-лозари. Инвестициите само во изминатите 3 години достигнаа близу 4 милиони евра, а од 2003 година до сега инвестирани се речиси 40 милиони евра.

Вината на „Тиквеш“ се присутни во околу 30 земји на различни континенти, вклучувајќи ги и најпребирливите пазари на глобално ниво, како што се САД, Велика Британија, скандинавските земји. Секоја година добиваат просечно по 50 награди на реномирани меѓународни вински натпревари и високи оценки од светски познати вински критичари. Винарската визба „Тиквеш“ е единствената од регионот со оценети 8 вина со над 90 поени од Роберт Паркер и тимот на The Wine Advocate.

**За дополнителни информации**:
Винарска визба „Тиквеш“ (комуникации), тел. +389 71 399039